ДОБРИЦА ПЕТРУШЕВСКА
СНЕЖАНА ВАСИЉЕВИЌ
БИЛЈАНА КРТОЛИЦА

# УЧЕБНИК ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# ЗА

# ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

(ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ)

МАКЕДОНСКА ИСКРА

2020

Издавач:
**„МАКЕДОНСКА ИСКРА“ Скопје**
Бул. “Кочо Рацин“ бр. 10/4
Тел: 070 349 457 и 070 381 779
www.makedonskaiskra.com.mk

Автори:
**Добрица Петрушевска**
**Снежана Васиљевиќ**
**Билјана Кртолица**

Главен и одговорен уредник:
**Славе Николовски-Катин**

Консултант:
**Анастасија Стојанова**

Ликовно и графичко обликување
**Креативно студио LineDesign**

Илустрации:
**Весна Вујадиновиќ**
**Елена Попова**

Лектура:
**Елена Тошева**

Со решенија на Министерството за образование и наука: старо Решение бр. 07-5811/1 од 13.08.2008 година и продолжување на важноста со ново Решение бр. 26-1187/1 од 27.07.2020 година, се одобрува употребата на овој Учебник по Македонски јазик за II одд. за задолжително деветгодишно основно образование (дополнето издание) од авторите Добрица Петрушевска, Снежана Васиљевиќ и Билјана Кртолица.


УЧИЛИШТЕ

# МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА

Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ

Ее Жж Зз Ѕѕ Ии Јј

Кк Лл Љљ Мм Нн Њњ

Оо Пп Рр Сс Тт Ќќ

Уу Фф Хх Цц Чч Џџ Шш



# УПАТСТВО

**ЗА ДА МОЖЕШ ПОДОБРО ДА СЕ СНАОЃАШ ВО ОВАА КНИГА, ПОТРЕБНО Е ДА ГИ ЗАПОЗНАЕШ И ДА ГИ СЛЕДИШ ОВИЕ ЗНАЦИ:**



РАЗГЛЕДАЈ



ПРОЧИТАЈ



РАЗМИСЛИ



РАЗГОВОР



ЗАКЛУЧИ



НАПРАВИ



ЗАДАЧА



ЈАС ЗНАМ



ДОМАШНА ЗАДАЧА



НАПИШИ



ЗА НАСТАВНИКОТ



ПРОНАЈДИ

# ТОА СУМ ЈАС




Име ______________________________________________

Презиме __________________________________________

Улица и број ______________________________________

Место ____________________________________________

Телефон __________________________________________

# УЧИЛИШТЕТО - НАШ ВТОР ДОМ



НА ЛИЦАТА РАДОСТ БЛИКА,
УЧИЛИШТЕ МИЛО ВИКА
- ПОВЕЛЕТЕ! ПОВЕЛЕТЕ!
ВЕ ВИКАМ НА ГЛАС,
РАДОСТ, СРЕЌА ПОДЕЛЕТЕ,
БРЗАЈТЕ НА ЧАС!

КАКО ПТИЦИ ПОЛЕТАЈТЕ
В УЧИЛИШТЕН ДВОР,
ОРО ШИРНО РАСЦВЕТАЈТЕ,
ЗАПЕЈТЕ ВО ХОР.
ПЕСНА ДРУЖНА НЕКА ЕКНЕ,
СРЕЌА В ОЧИ НЕКА СВЕТНЕ!

**Живко Николовски**

# УЧИЛНИЦАТА - ОГЛЕДАЛО НА УЧЕНИЦИТЕ



Напред табла и катедра,
наставничка добра, вредна
назад редој клупи, клупи
и дечиња групи, групи

***Д. Лешниковски***

Именувај ги предметите во твојата училница.

Објасни зошто служи секој од тие предмети.

Како треба да се однесуваш во училницата?

   

# СЕМЕЈСТВО



Јас, мама и тато
и моето братче
семејство сме сложно
домот ведро катче.

*П. Миленкоски*



## МАЈКА И ДЕТЕ

Во моето семејство,
ваков си е редот -
татко ми е дете -
на баба и дедо...

Но, исто и јас
заедно со бато
и ние сме им деца
на мама и тато!

Од памтивек до денес
тоа така бива;
за мајката сме деца
сè дури е жива!

*Киро Донев*

**Од колку члена е семејството што е на сликата?**
**Чии деца се сестричката и братчето?**
**Кој се грижи за нив?**
**Како се викаат мајката и таткото со едно име?**

**<u>Вежба</u>**
**Раскажи еден настан доживеан во семејството.**

# НАЈДОБРАТА



Учениците беа во училишниот двор. Играа, пееја и се смееја. Наеднаш неколку од нив се стрчаа кон дворната врата. Една ученичка водеше малечко дете. Тоа плачеше и пискаше:

- Одведете ме кај мама, кај мамааа!

Учениците сфатија дека детето се загубило. Го прашаа:

- Која ти е мајка, малечок?

Детето низ солзи одговори:

- Како не знаете? Мојата мајка е најдобрата од сите!

***Лав Толстој***

## МАМА

Мама цел ден работи:
готви, чисти, мие.
Таа дома последна
легнува да спие.

Приборот за јадење
си го измив сама,
собата ја исчистив
без да знае мама.

- Кој на мама помага,
тој е чисто злато.
Така вели баба ми
и дедо и тато.

***Ненад Џамбазов***

**Кои се твоите обврски во семејниот дом?**

# НАШАТА ТАТКОВИНА
# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА







**Скопје е главен град на Република Северна Македонија.**
**Тој е голем и модерен град.**

**Денес над Македонија**

Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата!
Македонците се борат,
за своите правдини!
Македонците се борат,
за своите правдини!

Одново сега знамето се вее,
на Крушевската република!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!

Горите Македонски шумно пеат,
нови песни, нови весници!
Македонија слободна,
слободно живее!
Македонија слободна,
слободно живее!

# ТАТКОВИНА



Нигде на светов под вишно небо,
под златен сончев сјај,
толку убава земја нема
ко мојот роден крај!

Врвови вишни, гори зелени
и реки голем број,
те личат сегде о, земјо моја
о, роден крају мој!

За мене ти си живот и среќа,
најголем, најмил дар,
во мое срце за тебе, земјо,
гори љубов ко жар!

***Ванчо Николески***

На кого авторот ѝ ја посветил оваа песна?
Како се вика нашата татковина?
Што ја краси нашата татковина?

# МИЛКА И МРАВКИТЕ



Дојде есен. Септември ја наполни својата торба со вкусни плодови.

Милка стана многу рано. Убаво се изми, си ги подготви книгите и тргна на училиште.

По улицата имаше многу деца. Милка им се придружи.

На патот Милка забележа неколку мравки. Таа помисли дека и тие тргнале на училиште, па им рече:

- Зар и кај вас учебната година започнува денес?

Мравките не можеа да ја разберат Милка и си го продолжија патот без да ѝ одговорат.

***Александар Поповски***

Зашто Милка тоа утро станала рано? Што направила потоа?
Што ги прашала Милка мравките? Зашто тие не ѝ одговориле?



Дојде есен. - реченица.
Реченицата е дел од говорот
Помалите делови од реченицата се викаат зборови.
Со зборовите се означуваат имиња на предмети, појави и друго.



Изброј колку реченици има текстот „Милка и мравките“

# ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ



(Направи реченици според сликите)



# ГЛАС

Ав, ав, ав!
Кучето глас дига.

Кукуригу!
Петел кукурига.

Изговори ги гласно имињата на суштествата на сликите.





К У Ч Е → зборови ← П Е Т Е Л

ГЛАСОВИ — ГЛАСОВИ

Колку гласови има првиот, а колку вториот збор?

**<u>Запомни</u>**
Гласот е дел од зборот.

**<u>Вежба</u>**
Кажувај зборови во кои избраниот глас ќе се наоѓа на почетокот на зборот, во средината на зборот и на крајот на зборот.



авион

○ ○ ○



чадор

○ ○ ○



топка

○ ○ ○

# ПОВРЗИ ГИ БУКВИТЕ СО ИЛУСТРАЦИИИТЕ ШТО ОДГОВАРААТ











**О**





**Љ**



**Р**



**Џ** **У**



**С**

**К** **Ј**



**Т**





**Ѕ**





**П**







Е

Ч

Ф







Б

В









Њ

Ж

Д

И

Ѓ



Ќ

Ш

Н









З





Л

Х



# КНИГИТЕ

Минчо многу читаше. Од библиотеката земаше интересни книги. Внимателно ги читаше.

Еден ден зеде нова книга. Ја прочита брзо до последен ред. Од неа научи многу работи. Но потоа ја фрли на полицата.

-Ти си лошо дете! - прошепна некаков глас.

Тој се сврте. Во собата немаше никој. Минчо се насмевна.

-Ти си лошо дете! - го слушна пак истиот глас.

Така зборуваше фрлената книга.

Минчо одговори:

-Не, јас не сум лошо дете. Јас сум ученик.

-Сепак ти си лошо дете! - рече книгата. - Зошто не ги чуваш книгите? Прво со радост ме прочита, потоа ме фрли. Добриот ученик убаво ги чува книгите. Добро да запомниш: **книгите се твои најдобри другари.**

***Елин Пелин***





Што сакал Минчо најмногу да прави?
Чиј бил гласот што му потшепнувал?
Замисли го лутиот глас на книгата, и изговори ја реченицата:
„Ти си лошо дете“!
Што ти се допаѓа кај Минчо?
Која негова постапка ја осудуваш?

# МОЈОТ УЧИЛИШЕН ПРИБОР



## ДВЕ ГАТАНКИ - ЕДЕН ОДГОВОР

По полињата бели оди
Каде ќе стапне
Буква ќе се роди.

Го води туѓа рака
Мисли со туѓа глава.
Но, за пишување
Срцето си го дава.

**(м . . . в)**



# ВО БИБЛИОТЕКА



**ПОГОВОРКА: Книгата е најдобар другар**




НА СЕЛО





# ВО ГРАД



## ПРЕМЕТНУВАЛКА

Ветрот им брои
На дрвјата ребра,
а меѓу нив стои
една ЗЕБРА!

# ПОЛЖАВИТЕ

## ИСПРЕВРТЕНА БАСНА

Два се расправале полжава кој од нив за пократко ќе претрча време . рекла жаба тогаш една им:

- двајцата Се дека сомневам и се движите; тешко трчате, пред почнете да да видете прво можете дали да одете.




Два полжава жестоко се расправаа кој од нив ќе претрча повеќе за пократко време. Тогаш една жаба им рекла:

Се сомневам дека и двајцата тешко се движите; пред да почнете да трчате, прво видете дали можете да одите.

***Харценбуш***



**ПОУКА:**
**Не го сметај за добра особина тоа што за другите е мана.**







**Реченица е целосна мисла искажана или напишана.**

И покрај тоа што и во првиот текст се сите зборови што се и во вториот текст, разбра ли нешто од првиот текст? Зошто?
Дали е јасна мислата во речениците од првиот текст?
Запознај се со зборот **зборовред!**
Вежбај во работните листови!

# Аа





А а

Аа



Авион



ајкула



Ана



книга




табла



топка



зајак



мачe



чаша



А а

А а








## АКО САКАШ ДОЈДИ!



Ако сакаш другарче
да дојдеш- дојди,
не прашувам од кај си,
ниту каква боја имаш.

Ако сакаш другарче
да дојдеш- дојди,
не прашувам од кај си
само со љубов и мисла да сме исти.

*Славка Арсова*

# Мм





Мм

Мм



Мравка



мајмун



Сом



марама

Мама  ама

мама  ам



Мм

Мм







Мама



Мама



Денес ете
и зборот Мама
за првпат со ракописни букви
го напишав сама.

***Евгенија Шуплинова***



_а_а     а_а     аа__

# Ии



И и

Ии

Мама има 

Мима има 

Мама и Мима

М
а
Мима
ма
а



Мима има мама.

ми
ма ма
и



Има и



Имам

 

# И и

И и

Имам  .

Мама и Мима  .

Мама има  .

Мама има и  .

Мама и Мима  .

Мима, Мима, имам  и  .



## СМЕАТА Е ЗДРАВА

Пецко, не треба да зборуваш толку брзо! - го советува мајката си
Мамо, јас не зборувам брзо, туку ти брзо слушаш.

 

# Т т



Т т

Т т



Мама и Мима имаат





Тими и Мима



Мама Мима имаат има



Што е претставено на илустрацијата?
Именувај ги растенијата!
Што заклучи?
Раскажи што знаеш за секое од нив!

**РАСТЕНИЈАТА ИМААТ ИМЕ!**





# Т т

Т т

Мама и Мима имаат  .

Мима има  и  .

Има и  .

Мама има  и  .

Мима и Тими имаат мама.



РЕЧЕНИЦИТЕ ПОЧНУВААТ СО ГОЛЕМА ПОЧЕТНА БУКВА!

 

# ВОЛШЕБНИ ЗБОРОВИ



Орхан е малечок и затоа баба му го учи:

- Мораш да ги научиш волшебните зборови!

- Зарем постојат такви зборови?

- Да, тоа се: ве молам, благодарам, повелете, простете, извинете... Секој од овие зборови е волшебен.

- Ти благодарам, бабо, што ме научи!

Баба му се насмевна. Орхан го научи првиот волшебен збор, а не забележа.

*Неџати Зекирија*

Колку често ги употребуваш зборовите: благодарам, ве молам, повелете, простете, извинете?

Размисли!

Зошто за овие зборови велиме дека се волшебни?



# КАКО ПОЗДРАВУВАМ

Ако сретнам другарче,
Ќе му речам ЗДРАВО!
Тато ќе ме пофали:
- Браво, сине, браво!



Навечер ДОБРОВЕЧЕР
секому му сакам.
Често поздравувам
со крената рака.





Наутро ДОБРО УТРО
секогаш поздравувам.
Напладне со ДОБАР ДЕН
секому се јавувам.



штом некој си легнува
и се смири ѕвон,
обично поздравувам:
ДОБАР, ЛЕСЕН СОН!



КАКО ТИ ПОЗДРАВУВАШ:
- НАУТРО,
- НАВЕЧЕР,
- ПРЕД СПИЕЊЕ?

Патник кога сретнувам,
го сметам за брат,
со поздрав го испраќам:
СРЕЌНО, ДОБАР ПАТ!

***Живко Николовски***

# Оо 

Оо

Оо

Мамо, мамо, Томо има  .

И тато има  .

Тато и Томо имаат  .

Томо Мима Мито Момо Тими



Т _ м_ М и т_ М _ м _



**И ЛУЃЕТО ИМААТ ИМЕ!**
**ИМИЊАТА НА ЛУЃЕТО**
**СЕ ПИШУВААТ СО ГОЛЕМА**
**ПОЧЕТНА БУКВА!**

 



О о

О о

Ото и Томо  .

Томо има  и Ото има  .

Имаат и  .








## СМЕАТА Е ЗДРАВА

Тошо го праша татка си:
Погоди што е тоа: Има вода од сите страни, а во неа нешто мрда.
Не знам - се чуди татко му. Твојот часовник. Пред малку ми се испушти во каналот.

  

# Нн





Нн

Томо и Нина имаат  .

И Нино има 

Ана има мама.



Мамина Ана.

Татина Ана.

Татин Томо.

Мамин Томо.

Нина мина на  .

Мина и Тина на  .

Тина, Ана и Томо мина  .

**ГАТАНКА**

Кога е будна демне низ дворот.
Кога спие - глувците оро играат.
**(м а . . а)**

 



# Н н

Н н

Намина мамина Тина.

И Томо намина.

Тина има 

Томо има .

Томо мина Нона



## ТОРБА СО ЗЛАТНИЦИ



Влатко ја праша баба си: Бабо, кој е најбогат на светот?

Царевите од приказните! – бргу одговори баба му. Влатко се замисли и повторно праша: А можам ли јас да бидам богат?

Ти и сега си богат, Влатко!- рече баба му. - Имаш полна торба со златници.

На која торба мислиш бабо?

Па, на училишната!

Влатко се замисли. Повеќе не ја прашуваше баба си. Тој долго ја гледаше училишната торба.

*Вера Бужарова*

  



## ЕСЕНСКИ ПЛОДОВИ

Грозје, круши, ореви
и јаболка зрели,
плодородна есен
на дечиња дели.

Од дуњи и мушмули,
калинки и сливи,
натежнале гранките
во родните ниви.

Од есенските плодови
вкусен сок се прави,
за да бидат децата
весели и здрави.

***Ненад Џамбазов***

# НАЈУБАВИТЕ БОИ

Есен е. Денот е топол. Учениците се во паркот.

- Погледнете ги дрвјата! - им рече наставничката.
- Тие не се веќе зелени! - забележа Игор.
- Ене, она дрво има црвени лисја! - покажа Ана
- Но, најмногу од лисјата се жолти! - ги поправи Јово. - Во есен жолтата боја ја има насекаде.
- Добро, кажете ми што сѐ има црвена боја? - праша наставничката.
- Црвени се булките во житата! - се јави Марко.
- Црвено е нашето знаме! - се досети Елена.

Почнаа и другите да набројуваат каде може да се види црвената боја.

- А жолтата - пак праша наставничката. - Што сѐ има жолта боја?
- Жолто е сонцето на нашето знаме! - извика Марија.
- А, татковината? Какви бои има татковината? - се насмевна наставничката.

Сите се подзамислија.

- Татковината има најубави бои! - прва се јави Мила.

Одговорот на прашањето сите го прифатија.





Кое годишно време се спомнува во расказот?
Каде наставничката ги однела учениците?
Какви сѐ бои има во есен?
Каква е бојата на твојата татковина?
Прераскажи го расказот!

# Cc



С с

Cc

Симо и тато снимаа со  .

Симо снима и сам.

Снима: оси, мост, стан, а и саатот на  .

Томо му носи  и  .

Томо на носот има оса.

Нено, синот на Мито носи сом.

  

| | |
|---|---|
| Симо | носи |
| сом | оса |
| сон | тост |
| сто | мост |
| стан | маст |



# Сс

С с

Симо сони сон.

Стана има оса на носот.

Ана има саат.

Нино мина на мостот.

Ана, Нино и Стана

сами  .

Намини и ти, Нино.



| | | |
|---|---|---|
| но | | и |
| о | | а |
| то | с | т |
| мо | | т |
| ма | | т |

| | |
|---|---|
| | амо |
| | имо |
| с | ам |
| | они |
| | нима |



# Ee  Pp 

Ee Pp

Ee

Pp

## НА ТЕНИС



Ристо и Мери носеа .

На тенис се и Ема и Есат.

Марина снима се.

Снимаат и Мира и Роса.

Сите се смеат на .

И тоа .

 

Пронајди ги зборовите:
ЕМА, СНИМА, МИРА, МАРАМА,ТЕНИС

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Б | С | М | В | Т |
| Е | Н | Е | Г | Е |
| М | И | Р | А | Н |
| А | М | А | В | И |
| Д | А | М | З | С |
| Ј | К | А | Л | П |

ПОВРЗИ!

сен
е ма
те
меса
р
мета

 Е е  Р р

Е е

Р р



## Есен е

Есен е. Ирена и Мери се 

Сеат семе. Таму се и Ристо и Роса. Сите

сеат и се смеат. Семето е 

Сè се смири. Есен е и сè е мирно. 

Мама ни носи . Тато ни носи  .

  

# ЛЕЈЛА И ГЛАСОТ "Р"




Лејла не можеше да го изговори гласот Р.

Во училиштето еден ден учениците го вежбаа изговорот на тој глас.

– Ајде Лејла,- ја повика учителката, - кажи ми еден збор во кој ќе го има гласот Р?

Лејла поцрвене до ушите.

– Добро, Лејла, еве јас ќе кажувам зборови, а ти повторувај по мене. ВТОРНИК - рече учителката.

– Вторррник! - повтори Лејла.

– Гледаш дека не е тешко! - ја охрабри учителката и продолжи: СРЕДА.

– Сррреда! - весело додаде Лејла.

– ЧЕТВРТОК! - рече учителката.

– Четврррток! - повтори Лејла.

– Ајде сега сама, - ѝ рече учителката.

Лејла побрза да каже еден збор и како од пушка викна: - Перррток!

Учителката и учениците гласно се смееја.

***Нeџати Зокерије***

**Зошто се смееле учениците и учителката?**

**Вежбај изговор на зборови во кои го има гласот "Р" на почетокот, во средината и на крајот од зборот.**

# РАДОСНА ПЕСНА

- Клик, клик, клик!
Птица крева вик.




- Шу, шу, шу!
Ветрец тихо шушна,
една бреза гушна.




***Петко Домазетовски***

**<u>Размисли</u>**
**Кој испушта глас? Кој прави шум?**
**Каде можат да се слушнат гласови, а каде шумови?**
**По што гласовите се разликуваат од шумовите?**

# ЕСЕНСКИ ОРКЕСТАР

Шуш, шуш! Нешто в шума шушка.
Шуш, шуш! Лист по лист се гушка.
Шуш, шуш! Се ронат од гранки.
Шуш, шуш! Ќе паднат врз дланки.

Кап, кап! Сив облак се поти.
Кап, кап! Тој пее по ноти.
Кап, кап! Капките се гонат.
Кап, кап! Низ олуци ѕвонат.

***Маја Величковска***



Кажувај реченици во кои ќе употребуваш гласови и шумови.

Jj  Уу 

Jj Уу

Jj

Уу

  

## НА ТРОТИНЕТ

Јана има тротинет. Има и  .

Јане нема ни тротинет, а ни  .

Јана се смее, а Јане  .

Ете тато носи  и тротинет, Јане! Не рони  !

Устата на Јане е насмеана. Тие се  .

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ана | ма | |
| | ане | сја | |
| Ј | аре | но | ј |
| | ас | ко | |
| | уни | ма | |

 Јј  Уу

Јј
Уу

  

Уснија и Есма се .

Уснија носи марама со јато На марамата има и ној. Есма носи . Има и .

Ене ја и Јана и Нина. И тие се со марами и . Сите се насмеани.

 

Ма_а _ана _ато но_

_ста _снија _т _м

# Лл  Љљ 

Л л Љ љ

Лл

Љљ

Лиле и Оља се на саем. Носат  од саемот.

Носи  и Елена. Ене ја и Мара. Таа носи торта и салати.

Сестра и на Оља носи .

Сè е на место. Само Лена не намина. Сите .

  

ена 

л ето  љ

ен 

  

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  | | | | | | | | |
|  | | | | | * | * | * | * |
|  | | | | | * | * | * | * |
|  | | | * | * | * | * | * | * |
|  | | | * | * | * | * | * | * |

 Л л  Љ љ

Л л

Љ љ

Оља и Маре месат  .

Лена меси  .

Ристо носи  .

Мила има  .

Оља, Маре и Мила се сестри.



## ВОЛКОТ И ШТРКОТ



На волкот му се заглавила коска во грлото додека јадел. Отишол кај штркот и му рекол дека ќе го награди ако му ја извади коската. Штркот со својот долг клун ја извадил коската и ја побарал ветената награда, но волкот одговорил:

- Зар не е мала награда тоа што ти го поштедив животот?

*Ла Фонтен*

**Не им верувај на лошите луѓе.**

  

# Шш



Шш

Шш

## ШАНА ШИЕ НА МАШИНА

Шана шие на машина. Шие  на Мила и  на Мишо.

- Шии, Шано, само шии. Сите се насмеани.

- Машината не шие сама. Шие Шана

И Мара има машина. Мара шие  .

Машината на Мара е мала.

Тато носи машина. Ете, машина и на Мила.

Мила соши марама. Се смее.

    



_ _ _ _



_ _ _ _ _



_ _ _ _ _



_ _ _ _ _ _



_ _ _ _ _



_ _ _



# Ш ш

Ш ш

Шеширот на Мишо е на  .

- Мишо, Мишо, немаш шешир.

- Немам.

Нештo шушна, шеширот  .

- Ене шешир Мишо.

Мишо има шешир.

    

  

М _ _ _     _ _ _ _ р     _ _ т _ _

  

_ _ _ _     _ _ _     _ _ _ _ _ _

# Гг  Пп 

Гг Пп

Гг

Пп

Горе на планината има многу снег. Горан и Петар се скијаат, а Јана и Елена се санкаат.
Нена легна на снегот. Ете и Маша е легната на снегот.
Ете, Петар падна!
Тој се смее?
Се смее и Горан!
Не е шега! Не се смејте!
Сите се насмеаја на глас.





| | | | |
|---|---|---|---|
|  | е на паунот, а |  |  |
|  | е на Перо. |  | шешир |
| На Јана е |  | а на Горан |  |
| Тамара има |  | а Мирјана | Скиите |



 Гг  Пп

Гг

Пп

гора шлаг поп Пано

Мирјана мати Шлаг.

Тортата е на Јана.

Јасна има тајна.

Ногата на столот .

Маша и Тошо се санкаат.



**ПРАШАЊА**

Го прашале волкот:
- Се плашиш ли од кучето?
- Не се плашам, само сакам да не ме лае.

Го прашале детето:
Како во вашето село го викаат волкот?
Па, тој и не повикан доаѓа.

  

# Зз  Вв 

Зз Вв

Зз

Вв

ВИОЛИНАТА НА ЗОРАН



Зоран свири на виолина. Виолината на Зоран испушта убав глас. Сите слушаат, а Зоран свири, ли свири.

Зора се зори, а Зорана стои и слуша.

Слушаш, Зорано, слушаш. Виолината на Зоран има мил глас.

Слушам, мамо! Го слушам милиот глас на виолината.



| | | | |
|---|---|---|---|
| | има | | иолина |
| **З** | оран | **В** | етар |
| | меј | | ера |





# Зз



# Вв

Зз

Вв

Зоран сони сон со змеј



Зоран сони змеј со пламен в уста. Се исплаши и стана во пот.

- Што сони, Зоране? - праша мама.
- Змеј, мамо, змеј со пламен в уста.

Испушташе пламен, мамо.

Тоа е само сон сине. Спиј и сони ја мама мило.





_ора  _меј  _уи  ме_е







# Кк  Дд 



Кк

Дд

## ДЕДО САМО ПРАШУВА

Дедо само прашува:
- Коста, пиеш ли сок од круша?
- Ристе, каде одиш?
- Донке, се наспа ли?
- Како спиеше?  Како јадеше? ...

Само прашува и прашува.
Доста дедо прашуваш!
Пиеме сок од круша. И што сега?
Дедо  ни даде сок. Пиј Коста. Сокот е сладок.







 К к  Д д

К к

Д д

Дедо Димо донесе мед.

Сладете се од медот. Медот не е од оса.

туку од .

Друг никој не прави мед. Само .

Со мед мама . Сите седнаа да јадат

од  на мама.



| Д | К |
|---|---|
| _име | _ата |
| _е _о | _ош |
| _ома | _оса |





# ДВАЈЦА ДРУГАРИ



Оделе во шума двајца другари и наеднаш пред нив изрипала мечка. Едниот избегал, се изјазил на едно дрво и се скрил, а другиот останал на патот. Ништо не му останало, туку се ничкосал и се сторил мртов.

Дошла мечката, почнала да го душка, си рекла дека е мртов и си заминала.

Тогаш слегол другиот од дрвото и почнал да се смее: „Што ти шепотеше мечката на увото".

„Ми рече да не се дружам со луѓе што ги оставаат своите другари кога имаат мака".

***Лав Толстој***

**ПОГОВОРКИ:**
**Не биди страшливец, биди другар!**
**Во неволја не треба да се плаче, туку лекот да се бара!**







Каде се случил настанот?
Како се однесувале другарите ?
Како е покажано недругарството?
Како би постапил ти во ваква ситуација?
Во што не веруваш што е опишано во расказот?
Кои од наброените особини ги имаат човекот кој се качил на дрвото (кукавица, снаодлив, смешен), а човекот кој останал на земја? (искрен, храбар, кукавица, недругар).



# ДРУГАРИ

Љупчо го изгуби својот оброк. На одморот сите јадеа, само тој стоеше настрана.

Зошто не јадеш? – го праша Живко.

– Си го изгубив оброкот - одговори Љупчо.

– Штета - рече Живко и гризна од големото парче леб.

– А, каде си го загубил оброкот? - праша Мишо.

– Не знам - одговори Љупчо, и се сврте.

– Сепак, требало да внимаваш – додаде Мишо и продолжи да јаде.

Ненад ништо не прашуваше. Му пријде на Љупчо, го преполови своето парче леб на два дела и едниот му го подаде на Љупчо.

***Валентина Осеева***

**Народна поговорка**: **ДРУГАР СО ПАРИ НЕ СЕ КУПУВА**

**Одговори!**
Што мислиш за постапките на Живко и Мишко?
Како би постапил ти да си на нивно место?
Кој му е вистински другар на Љупчо? Зошто?

# Бб



Б б

Бб

## ДИВИОТ ГУЛАБ

Бубамарата си стои на еден голем лист. Дивиот гулаб ја гледа, ја демне... Гладен е, ама, бубамарата е толку убава. Се сети, тој не јаде бубамари? Таму има нива. Има и семе.

Гулабот летна. Дојде на нивата и се најаде семе од сувите треви. Го виде лебедот и тој слета до гулабот. Другарски си го поделија семето. Сити се, па си одлетаа кај своите јата.





_ а _ а    _ ор    _ ор _ а    _ орјан







Б б

Лет, лет, бубамаро,
каде одиш, каде леташ?
Донеси ми бубамаро,
едно писмо ...









адреса пошта поштар

интернет марка плико



Од кого сакаш да добиеш писмо?
Што очекуваш да пишува во него?
Што не смееш да заборавиш кога праќаш писма?
Кој ги носи писмата?
Користиш ли и интернет за праќање писма?



# ЗЕЛЕНЧУКОВА ПЕСНА



Ние не сме
ни стројни ни тенки
но се однесуваме
како манекенки.



јас сум изгледа
осуден да страда
кога уште како дете
имам брада.



Јас сум домат црвен
но, не црвен од срам
со витамини сум полн
тоа сигурно знам.



Имам кошули триста
секоја бела, секоја чиста
сите кошули сама ги шијам
слечи една, друга се крие..



Растат пиперки, сестри
кај дедо ми Блаже
како на Пинокио носот
кога лаже.



Јас сум елегантна
и толку фина,
што личам на
балерина.

***Според Михо Атанасовски***

## БРЗОЗБОРКА

Петко пеш по патот оди.
Патот ппаво в школо води.

## ГАТАНКА

Нозете в земја, главата надвор,
Што е?

**(з . . . а)**







Разговарај за содржината на песната!
Научи ја строфата во која е опишан твојот омилен зеленчук!
На часот по ликовно воспитување направи маска за лице со слика на



# НЕЛА И БУКВИТЕ В, П и Б



Нела ја сака буквата **В** затоа што лесно ја направила од питата на баба. Буквата **П** ѝ личела на лулашка, а буквата **Б**?

Нела кога се врати од училиште, зеде едно парче јаглен и со големи букви напиша на ѕидот: „БАБА“.

Кој шарал по ѕидот? - извика баба ѝ налутено.

Јас! - гордо одговори Нела. - Сакав да те изненадам.

Со што да ме изненадиш? - праша баба ѝ.

Сакав да ти покажам дека знам да напишам „БАБА“, - разочарано одговори Нела.

Штом е така, - се насмевна баба ѝ, - не се лутам повеќе. Еве ти една крпа и избриши го ѕидот.

Нела задоволна ја зеде крпата и почна да го брише ѕидот.

***Иванчо Митревски- Мајсторот***







Како, Нела ги доживува новите букви!
Раскажи, твое доживување со буквите!
Зошто бабата се налутила на Нела?
Правиш ли и ти грешки како неа?
Сигурно си љубопитен што се случувало со Нела и другите букви. Оди во библиотеката, земи ја книгата „Нела и буквите“ од Иванчо Митревски-Мајсторот и прочитај ја!

# Чч  Ќќ 

Чч Ќќ

Чч

Ќќ



## ЛАКОМОТО ГЛУВЧЕ 

Глувчето беше многу гладно. Почна да го гризе подот. Направи дупка и излезе низ неа. Најде: леб, големо парче кашкавал и еден ќуп со млеко.

Толку многу се најаде, па му се направи стомачето како балонче.

Сакаше да си оди дома, но... Стомачето беше толку големо што не го собра во дупката.

*Лев Толстој*



**ДОПОЛНИ!**

Глувчето беше многу ________________

Почна да го________________ __________________

Сакаше да си ____________ _______________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Куќа | ќуп | ќебе | ќоше | свеќа |
| чекан | чаша | чај | чешма | чајник |



Вежбај го изговорот на Ч и Ќ!
Прераскажи го расказот!
Кажи го своето мислење за глувчето!

  



# Ч ч



# Ќ ќ

Ч ч

Ќ ќ

чорап чесен чекор

чај човек чорба

Ќебе Ќилим Ќуп



ку_а сре_а вре_а

ко_ан ке_ап Ко_ани

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ку | | а | ко | | ан |
| сре | Ќ | а | пе | Ч | ка |
| вре | | а | у | | еник |



Хх  Жж 

Хх Жж

Хх

Жж

## МАЈКАТА ЖАБА

Мајката жаба здогледа комарец.

Да скокнам и да го лапнам? - се мислеше жабата - ама гладно е и моето синче. Ќе го викнам.

Жабуле мое мило, скокни и лапни го комарецот. Знам дека ништо не си јадело денеска. Комарецот е вкусна храна. Ајде мило!

Детето на жабата скокна и го лапна комарецот.

- Ти благодарам мамо за вкусната храна!



**БРЗОЗБОРКА**

Една мачка
гони страчка,
ќе ја стигне,
ќе ја фати,
шарен опаш
ќе ѝ скрати...

 Хх  Жж

Хх

Жж



## Хеликоптерот на Жарко

Жарко доби хеликоптер за роденден. Многу се израдува. Хеликоптерот работеше на батерии. Жарко го пушти во собата. Хеликоптерот почна да пот-скокнува како жаба па полета. Се вивна кон лустерот и го скрши, па кон чашите на масата. Се се најде испревртено. Сите се вознемирија.

-Жарко, што правиш? Исклучи го. - викна мајка му.

Жаре не знаеше како да го стори тоа. Се исплаши. Хеликоптерот тресна на подот и застана. Сите здивнаа.

# Фф  Њњ 

Фф Њњ

Фф

Њњ

Фидан живее на село. Продавниците му се доста далеку. Се качи на коњот и брзо стаса до фурната. Купи леб и кифли. Отиде во продавницата за прехрана. Тука купи: сол, шеќер и грав. Потоа наврати во чевларскиот дуќан да ги земе чевлите што беа дадени на поправка. Кога набави сѐ, пак се качи на коњот и се врати лесно во селото.






**Што работи? Поврзи како што одговара**

| | |
|---|---|
| Чевларот | шие облека. |
| Орачот | поправа часовници. |
| Часовничар | поправа чевли. |
| Лекарот | продава разна стока. |
| Шнајдерот | сее семе на нивата. |
| Продавачот | лекува. |



Разговарај по илустрацијата!
За кого се зборува во раказот?
Каде живее Фидан?
Кој му помогнал да пазарува брзо?
Прераскажи го раказот!





# Ф ф



# Њ њ

Ф ф

Њ њ



Фросина треба да оди во Њујорк. Таму работат мајка ѝ и татко ѝ. Се подготвува забрзано. Се радува, ама и се плаши од големиот град.

Немој да се плашиш Фросина. Њујорк е голем град, ама ние сме со тебе. Ќе видиш колку е убав градот. - ја теши мајка ѝ.









Препиши ги речениците со ракописни букви:
Фидан и Фидана се соседи.
Њујорк е голем град.
Коњот на Фадил трча брзо.

# Цц  Ѓѓ 

Цц Ѓѓ

Цц

Ѓѓ



Цветко и Ѓурѓа тргнаа на скијање. Требаше да се сместат во едно планинско село на планината Бистра. Автомобилот не одеше по угорнината, па со себе ги носеа тешките ранци и скии. Ѓурѓа се измори, но не му кажа на Цветко. Сакаше да се покаже дека е силна.

Кога дојдоа до куќата, Ѓурѓа седна на прагот и офна. Цветко само се насмеа. Тој знаеше дека товарот е тежок за Ѓурѓа. Од вратата се појави Ѓорѓи. Во раката држеше ѓум со топло млеко.

Ајде, Ѓурѓо, напиј се од млекото и ќе ти биде лесно.- Е, ова не е Скопје, а планината не е Водно. За тука треба сила.- и рече Ѓорѓи.



**ИМИЊА ИМААТ И ГРАДОВИТЕ, СЕЛАТА, ПЛАНИНИТЕ, РЕКИТЕ... ОВИЕ ИМИЊА СЕ ПИШУВААТ СО ГОЛЕМА ПОЧЕТНА БУКВА. ЗБОРОВИ ШТО ОЗНАЧУВААТ ИМИЊА НА СУШТЕСТВА, ПРЕДМЕТИ ИЛИ НЕШТО ДРУГО СЕ ВИКААТ ИМЕНКИ.**



 Ц ц  Ѓ ѓ

Ц ц

Ѓ ѓ

Цвета, Цветан и Ѓорѓи ја посетија Ѓурѓа.

Ѓурѓа беше во стаклената бавча. Садеше ѓурѓини, лалиња и други цвекиња.

Убава ти е градината Ѓурѓо! -ѝ рече Цвета.

Јас го сакам цвеќето и затоа го одгледувам. Сега ќе ви наберам букети со разновидно цвеќе.



Ѕѕ  Џџ 

Ѕѕ Џџ

Ѕѕ

Џџ

## ОД КРАЈОТ ДО ПОЧЕТОКОТ

*Ѕид ѕидосано, вар варосано.*
*Нигде дупка ни просирка.*



Замижи со левото око и ќе видиш: едно златесто топче со две ножиња, две крилца, две очиња и трча низ дворот, се плетка низ тревата.

Затвори го левото око и ќе чуеш: Пи - пи - пи ... мамо, гладно сум! Дај ми зрнце. Ископај ми црвче. сакам да пораснам. Пи- пи- пи!

Сега пак замижи со десното око и ќе видиш: голем шарен петел со две нозе, две крилја, две очи и црвена креста на главата. Ко- ко- ко! Важно чекори низ дворот, а по него одат стотина кокошки.

Затвори го десното уво и ќе чуеш: Кукуриииигууу! Јас сум најточниот селски будилник. Ајде, мрзливци, утро е веќе, станувајте од сон!

Ете, така!

Во варосаниот ѕид има голем прозорец. Зад прозорецот- двор. Во дворот... Но, тоа веќе го рековме на почетокот.

***Видое Подгорец***





# Ѕ ѕ



# Џ џ

Ѕ ѕ

Џ џ

*Ѕвонко ѕвонец ѕид ѕуење*

*џанџија џип џеп џемпер*



Дадените реченици препиши ги со ракописни букви!
Џебот на Хари е празен.
Џивџанот џифка по мајката џивџанка.
Зора плете џемпер.
Јас возам џип.
Џинот е јунак од приказните.

Ѕин, ѕон, ѕин, ѕон, ѕвони школското ѕвонче.
Ѕвонко чита книга.
Ѕвездите светат ноќе.
Ѕвездана има џеб на јакната.

| | | |
|---|---|---|
| Вредната | мачор | собира мед. |
| Мрзеливиот | пчелка | спие. |
| Гордиот | мравка | кукурика |
| Вредната | петел | собира храна. |

  



Вежбај го изговорот на гласовите: Ѕ, Џ, Ќ,
Пронајди ги зборовите кои покажуваат имиња на живи суштества! Поврзи ги зборовите, како што ти е покажано, а потоа препиши ги рečениците со ракописни букви!

# МАКЕДОНСКА АЗБУКА КИРИЛИЦА




**Согледај**

а = аз

б = буки      аз + буки = азбука

**Објасни**

Како азбуката го добила своето име?

**Запомни**

Нашата азбука има 31 буква колку што има и гласови.

**Досети се**

Каде најчесто се користи редоследот на буквите од азбуката?

**Вежба**

Во тетратката напиши ги презимињата и имињата на учениците од твоето одделение по азбучен ред.

# КИРИЛИЦА

Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ

Ее Жж Зз Ѕѕ Ии Јј

Кк Лл Љљ Мм Нн Њњ

Оо Пп Рр Сс Тт Ќќ

Уу Фф Хх Цц Чч Џџ Шш

*Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ*

*Ее Жж Зз Ѕѕ Ии Јј*

*Кк Лл Љљ Мм Нн Њњ*

*Оо Пп Рр Сс Тт Ќќ*

*Уу Фф Хх Цц Чч Џџ Шш*

**Македонската азбука се вика КИРИЛИЦА.**
**Има 31 буква.**
**Името е добиено по големиот учител Св.Кирил.**

# НЕ Е ШЕГА

Буква по буква
од час до час,
цела азбука
ја научив јас.

Не сонувам,
не е шега,
јас убаво
читам сега.

***Е. Шуплинова***







# ЗИМА

СТРОФА

Снегулките
нижат низа бела
под снег траат
градови и села.

СТРОФА

Денот гасне,
пишти ветер луто,
ноќ се спушта
и нѐ вика в скутот.

СТИХОВИ

***Славко Јаневски***



**ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ**

Стих е секој ред од поетската творба.
Целина од два или повеќе стихови се вика строфа.
Авторите на творбите во стихувана форма се викаат поети.
Творбите во стихуваната форма се викаат стихотворби (песни).

# ЗИМАТА ЦАРУВА



Врне снег! Врне снег! Ура!

- Време е да се направи Снешко Белчо. Андреј и Матеа на големата ледина зад куќата, која беше покриена со многу снег, направија убав и голем Снешко. Но заборавија да земат морковче за носето на Снешко.

Потрчаа дома. Но кога се вратија, забележаа многу непознати траги.

- Чии се трагите?
- Кој го посетил Снешко?

Секој од нив размислуваше на свој начин.

На Матеа стапките ѝ личеа на стапки од зајак, а на Андреј...



## НОВОГОДИШНА ЖЕЛБА

Ко самовила златокоса
годината иде
желби да ви исполни,
среќна да ви биде.

Волшепства да оствари
нејзиното стапче-
подароци во секое
подадено раче.

Нејзината светлина
со насмевки да ве гали,
ведрина и спокојство
секому нека дари.

***Снежана П. Џамбазова***

**Прочитај го текстот изразно.**
**Прераскажи го тоа што го прочита!**
**Каков заклучок донесе: кој е посетителот на Снешко?**
**Раскажувај што се случило понатаму!**

# МОИТЕ ЖЕЛБИ ЗА ДЕДО МРАЗ

Напишете му на Дедо Мраз писмо со свои желби!

## *СРЕЌНА НОВА ГОДИНА*









## ВОЛШЕБНА НОЌ

Во една волшебна ноќ, еден ангел се појави пред овчарите и им рече:
- Во Витлеем, во една пештера, се роди детето Исус, синот Божји!

Овчарите ја пренесуваа веста на сите страни.

Оттогаш па до ден денес, раѓањето на Исус, синот Божји, се слави како голем христијански празник. На тој ден сите се поздравуваат со поздравот „**Христос се роди**" - „**Навистина се роди**" и си посакуваат најубави желби.





# ЗЛАТНА КИФЛИЧКА



**ЛИЦА**: ВНУК И БАБА

**СЦЕНА**: На горниот дел од сцената стои златеста Месечина. На другиот крај се бабата и нејзиното внуче.

**РАСКАЖУВАЧОТ:** Понекогаш Месечината, тоа го знаат сите деца, личи на златна кифла.Тоа го знаеше и малиот Бојан. Но, еднаш, додека гледаше низ прозорецот, рече...

**БОЈАН**: Бабо, гледај, ене златна кифла! Јас сум гладен, бабо, те молам. Ја сакам златната кифла!

**БАБАТА:** Не е тоа златна кифла, Бојане. Тоа е Месечината, а Месечината не се јаде.Таа само ни свети...

**БОЈАН:** Обиди се, бабо, обиди се. Можеби не е Месечина. Можеби тоа е кифла. Толку сум гладен бабичке. (Бојан ги подава рацете кон Месечината.)

**БАБАТА:** Далеку е, многу е далеку златната кифла. А мене рацете ми се кратки и не можам да ја дофатам.

**БОЈАН:** Да-ле-ку! (Сонливо изговара Бојан.)

**БАБАТА:** Да, чедо мое, многу далеку!

**РАСКАЖУВАЧОТ:** И така, деца, Бојан заспа и не ја доби златната кифла, а неговата баба го однесе в постела. Но, да ве прашам, зарем може да се јаде Месечината?

***Според истоимениот расказ од Т. Родановиќ***



Како ти ја гледаш Месечината?
Раскажи некоја твоја случка со Месечината!
Текстот е драматизиран. Момчињата нека ги научат зборовите на Бојан, а девојчињата на бабата и направете си мал театар во училницата!

# ВО ПРОДАВНИЦА




Мони и мама требаше да појдат во продавница за да купуваат. Мони ретко одеше во продавница и затоа мама ја посоветува:

— Мони, во продавница сѐ се става во кошница, а потоа се носи пред тетката на касата.

Мони рече:

— Их, па јас тоа го знам. Ако не покажам нешто, тоа се вика кражба!

— Кој ти го кажа тоа? - праша мама.

— Баба ми го кажа! - одговори Мони.

***Славка Манева***

**Каде требало да одат мама и Мони? Што барале таму?**
**Како мама ја советувала Мони?**
**Што ѝ одговорила Мони?**
**Како треба да се однесуваш во продавница?**

# ДОЖД

Во неделата врнеше дожд. Во понеделник врнеше дожд. Улиците беа мокри. Од крововите течеше вода.

Од училиштето истрчаа деца и ги отворија своите чадори. Беа големи и мали црни чадори. Црни чадори, сив дожд, темно небо...

Во куќата крај прозорецот седеше момчето и со прстот ја следеше секоја капка која се лизгаше по стаклото.

Вчера повторно врнеше дожд. Врне и денеска. Ненадејно од училишната порта истрчаа девојчиња и момчиња со црвени, бели, жолти, сини и зелени чадори.



Погледни мамо! - извика момчето.

Денеска паѓа некој весел дожд!

Брзо ги обу чевлите и истрча по момчињата и некое девојче, кое имало чадор со портокалова боја.

*Ела Пероци*

- Кои зборови означуваат бои, а кои денови од седмица?
- Каков е дождот опишан во почетокот на расказот?
- Кој го развесели дождот?
- Прераскажи го расказот!

# МАЈА КАЈ ЗАБОЛЕКАР

Еден ден мама ја однела Маја кај заболекарот. Заболекарот го погледна запчето и строго рече:

Слушај ти, забче, знаеш ли дека си непослушно и дека ќе те извадам? И немој тука да ми плачеш!

Маиниот заб молчел. Маја знаела дека забот молчи затоа што бил исплашен, па му рекла на заболекарот.

Знаете, тој е исплашен. Ќе одам во аголот да му кажам нешто, ама не смее никој да слушне.

Маја станала од столицата и отишла во аголот. Таму на своето запче му рекла:

Знај, ако бидеш плашливец никогаш нема да те водам кај заболекар, ни на прошетка во парк! Заболекарот мора да те извади и... и немој да се плашиш.



Потоа Маја се вратила, седнала на столот и оп, забчето за час било во нејзината дланка.

Мама ја бакнала Маја затоа што така убаво му објаснила на своето забче дека не треба да се плаши.

***Стојанка Грозданова***



За кого се зборува во расказот?
Како, Маја го победи стравот?
Раскажи за свое доживување од посета на стоматолог!
Поврзи го знаењето за здравјето и здраствените установи од Запознавање на околината и раскажувај!
Што те подучува однесувањето на Маја?

# СРЕДБА СО ДЕТЕТО ОД ВСЕЛЕНАТА



Еднаш Зоран и баба му гледаа телевизиска емисија за престојувањето на двајца космонаути во вселената. Навистина беше возбудливо да се гледа како космонаутите лебдат и лесно се движат во сите правци, но Зорана го мачеше сосема друга мисла. На крајот рече:

— Бабо, има ли на Месечината или каде и да е во вселената некого?

— На Месечината има - одговори баба му. - Таму космонаутите веќе беа, но на други места... А зошто и да нема?

По завршувањето на емисијата си легнаа. Набргу до креветот на Зоран долебди едно девојче со црвен чадор в рака.

— Здраво, Зоране - рече таа. - Јас сум Василка, дете од вселената. Сакаш ли да бидеме другари?

— Со задоволство - одговори Зоран.

Потоа двете деца весело играа најразлични игри се додека Зоран не сè разбуди.

***Клер Лори***

Каква телевизиска емисија гледале Зоран и баба му?
Што се случило по завршувањето на емисијата?

**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

Сети се на една телевизиска емисија што си ја гледал(а) и раскажи ја усно.

# ЈАЗИЧНО КАТЧЕ
# ИМЕНКИ

Зборовите: Зоран, Василка, баба, деца и други од текстот „Средба со детето од Вселената", означуваат имиња на луѓе .






телевизор sвонче велосипед пегла

Зборовите: телевизор, sвонче, велосипед и пегла означуваат имиња на предмети.






даб елка сончоглед пченица

Зборовите: даб, елка, сончоглед и пченица означуваат имиња на растенија.






мачка зајак жаба славеј

Зборовите: мачка, зајак, жаба и славеј означуваат имиња на животни.





Зборовите што означуваат имиња на луѓе, предмети, растенија и животни се викаат ИМЕНКИ.



**Задача**

**Напиши по неколку зборови што ќе што означуваат имиња на луѓе, предмети, растенија и животни.**

# КОСМОНАУТ

Мал космонаут јас сум,
кон простор бескраен летам.
Топли поздрави носам
за секого што ќе го сретнам.

Знам веќе играчки не се
ѕвездите малечки, сјајни,
во бескрајот син и длабок
ќе нема за мене тајни!

Вселено, здраво, здраво!
Отвори ѕвездени врати.
Јас сум гласник на мирот,
земјата поздрав ти прати!

***Македонка Јанчевска***





**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

**Ајде да фантазираме!**

Се прошетав низ  непозната планета.
Другарував со децата од Месечината.
Ме зароби вонземјанин!

# И БРОЈОТ Е ЗБОР КОГА СЕ КАЖУВА ИЛИ ПИШУВА СО БУКВИ

Изброј ги предметите во твојата училница!
Во колку часот одиш на училиште?
Колку години имаш?
Напиши го одговорот во тетратката. Со цифра и збор.







Преброј и запиши го бројот што одговара со збор!

## БРЗОЗБОРКА

Снела страчка на прачка десет јајца.
Поминав, зедов едно и го изедов;
Поминав, зедов две и ги изедов;
Поминав, зедов три и ги изедов;
Поминав, зедов четири и ги изедов;
Поминав, зедов пет и ги изедов;
Поминав, зедов шест и ги изедов;
Поминав, зедов седум и ги изедов;
Поминав, зедов осум и ги изедов;
Поминав, зедов девет и ги изедов;
Поминав, зедов десет и ги изедов....

1.Прочитај го зборот и запиши со број!
2. Прочитај го бројот и запиши го со збор!

| | | | |
|---|---|---|---|
| **единаесет** | ______ | **17** | ____________________ |
| **дванаесет** | ______ | **6** | ____________________ |
| **тринаесет** | ______ | **11** | ____________________ |
| **четиринаесет** | ______ | **7** | ____________________ |
| **петнаесет** | ______ | **13** | ____________________ |
| **шеснаесет** | ______ | **15** | ____________________ |
| **седумнаесет** | ______ | **12** | ____________________ |
| **осумнаесет** | ______ | **14** | ____________________ |
| **деветнаесет** | ______ | **19** | ____________________ |
| **дваесет** | ______ | **9** | ____________________ |

## ПРОНАЈДИ ГИ ГРЕШКИТЕ:

петнаесет, идинајсет, шеснаес, дванаес, седумнаесет.

## КАЖИ ГИ ПРАВИЛНО СО ЗБОР НАПИШАНИТЕ БРОЕВИ:

1, 6, 7, 11, 15, 16, 20.

Колку месеци има во годината?
Колку клупи има во училницата?

## ЗАМЕНИ ГО БРОЈОТ СО ЗБОР ВО РЕЧЕНИЦИТЕ:



На дрвото има 13 гранки.
Видов 11 ластовици!
Зошто дојдоа само 14 деца на час?

**ЈАЗИЧНО КАТЧЕ**

**Броевите се зборови кои ни кажуваат колку предмети, луѓе, години... има. Искажани или напишани броевите се зборови.**

# ВОЛШЕБНОТО ГРНЧЕ

1. Во едно село си живеело едно девојче.

Еден ден, пошло девојчето в шума по јагоди и сретнало таму една баба.

Здраво да си ми девојче - рекла бабата. - Ти се молам, дај ми од јагодите.

Еве ти, бабичке- рекло девојчето.

Ги каснала бабата јагодите и рекла:

Ти мене ми даде јагоди, а јас тебе ќе ти подарам нешто. Еве ти едно грнче. Ти ќе треба само да му речеш: „Едно, две, три, вари грнче ти!" и тоа ќе почне да вари вкусна, највкусна каша. А потоа ќе му речеш: „Едо, две, три доста вариш ти!" и тоа ќе престане да вари.



2. - Ти благодарам, бабичке- рекло девојчето, го зело грнчето и пошло дома кај мајка си.

Мајка ѝ многу му се израдувала на грнчето. Та и како да не се радува? Секогаш за ручек, без труд и грижа, дома ќе има вкусна, највкусна каша.

3. Еднаш девојчето излегло од дома, пошло некаде. А мајката го зела грнчето в рака, го ставила пред себе и му рекла:

- Едно, две, три, вари грнче ти!

И почнало грнчето да вари, Многу каша сварило. Мајката ручала, се заситила. А грнчето не престанувало да вари. А како да го запре? Требало само да му рече: „Едно, две, три, доста вариш ти!“ Но мајката ги заборавила овие зборови, а девојчето не било дома. Грнчето варело и варело... веќе цела соба се исполнила со каша. Кашата излегла низ прозорците во дворот, оттаму по улиците, а грнчето варело ли варело.

4. Се исплашила мајката, истрчала да го бара девојчето. Но, не можела да ја премине улицата - жешката каша течела како река. За среќа, девојчето не беше отишло далеку. Тоа видело што се случува на улицата и со трчање се вратило дома. Некако успеало да влезе во куќата и да викне:

- Едно, две, три, доста вариш ти!

И грнчето престанало да вари каша. а сварило толку многу, што секој кој тиа денови од село доаѓал во град морал да проба од вкусната каша. Никој не се жалел, зашто сите јаделе од вкусната, највкусната каша.

***Браќа Грим***



- За кого се зборува во бајката?
- Каде се случува настанот опишан во бајката?
- Што не е можно во оваа бајка?
- Прераскажи ја бајката со свои зборови!
- Бајката е поделена на 4 дела. Секој дел замисли го како сликите во приказните по слики.
- За секоја слика кажи по една реченица!

## БРЗОЗБОРКА

Трчаница,
турканица,
виканица.

Мешаница,
караница,
паѓаница.

Сè заради
само една
лизгавица!

***Ристо Давчевски***



**ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ**

**Творба во која се кажува за волшебни, нестварни предмети, појави и настани се вика бајка.**

# ВОЛК И МАЧОР



Ловците пронајдоа волк и го опколија.. Волкот се скри покрај селскиот пат. Здогледа еден мачор и го праша:

Те молам, кажи ми кој е добар човек во оваа село, да одам кај него да се сокријам?

Оди ка Стефан! - рече мачорот.

Не можам таму. Нему јагне му изедов.

Тогаш оди кај Марко! Тој е добар човек.

Нему коњ му заклав.

Тогаш оди кај Филип! Тој е добар човек.

Не можам ни кај него. И негово теле сум растргал.

Е, мој братко, - рече мачорот, па ти на сите зло си им сторил! Тогаш како можеш да бараш некој добар да биде спрема тебе?

Притоа дојде потерата и го фатија волкот.

*Народна приказна*



**ПОГОВОРКА:**
**Кој зло прави - зло го наоѓа.**

Прочитај ја приказната во себе!
Со кого разговара волкот?
Каде го упатил мачорот?
Зошто му нема спас на волкот?

**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ:**

Опиши го волкот според илустрацијата и текстот!

# БИК И ЗАЈАК

**ПОГОВОРКА: Бори се со ум и знаење, не со тупаници.**



Здогледа бикот зајак кој трча како стрела. Се сретнаа и бикот го праша:

Ти завидувам што си толку брз! Ти можеш да избегаш и од најопасниот непријател. Ништо во животот не би сакал повеќе само да сум брз како тебе.

Луда е твојата желба пријателе! Јас би ти ја дал својата брзина за твоите остри и јаки рогови. Подобро е да се бориш гордо со непријателот, отколку цел живот да бегаш пред него.

***Басна***







Што е повредно, силата или брзината?
Раскажи ја басната!
За кои творби велиме дека се басни?

**ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ**

**Творба во која преку животните се прикажани луѓето со сите недостатоци се вика басна.**



# ВЕРВЕРИЧКА И СТРАЧКА



Ѝ додевала страчката на верверичката:

Ајде, кажи ми, како така т преминуваш по воздух, од дрво на дрво? По воздух ноже само да се лета, а не и да се оди, а ти немаш крилја.

- Знам дека немам - ѝ одговорила верверичката. - туку јас си поминувам по сопствената опашка како по мост.

- Ете што била работата! - се успокоила глупавата страчка, а потоа закрескала.- Почекај, ама тебе опашката ти е одзади, а не однапред? Па како можеш да одиш по неа како по мост?

- Знам дека ми е одзади - ѝ одговорила верверичката. - Ама нели јас одам по опашката и кога се враќам?

- А, ете во што била работата!- рекла страчката и откако разбрала дека и онака не може да разбере ништо, си одлетала натаму.

*Р. Баумбо*







- Како верверичката скока од дрво на дрво?
- Јасно ли ти е искажувањето на верверичката?
- Какви особини можеш да и дадеш на страчката, а какви на верверичката?

**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

Сам избери ја групата.
Прераскажи ја басната!
Опиши ја страчката!
Опиши ја верверичката и кажи што си помислила таа
по заминувањето на страчката!

# ПОДЕЛБА НА ЗБОРОВИТЕ НА СЛОГОВИ

## ГРАМАТИЧКА СКАЗНА

Живеела некогаш една жабичка. Жабичка како жабичка.
Малечка од три слога: ЖА - БИЧ - КА.

Живеел некогаш и еден слон. Слон! Голем, голем а само од еден слог: СЛОН.




Малата жабичка се шегувала со големиот слон:

- Е, е, е! Голем а само од еден слог!

Од мочуриштето дошла една ЧАП - ЈА од два слога и ја проголтала таа ЖА -БИЧ- КА од три слога.

И тоа е сѐ.

***Ема Мошковска***

Кој од трите збора не е поделен на помали делови?

Од колку помали делови, е составен зборот ЧАПЈА, а од колку зборот ЖАБИЧКА?



**ЗАПОМНИ**

**Слог е дел од зборот што се изговара со едно отварање на устата.**

**Подели ги на слогови следниве зборови: песна, мост, ливада, планина, брег, село, небо, облаци, оса, антена, телевизор, вол, пиле, крава, волк, верверичка.**

**<u>Внимавај</u>**

**Неколку од приведените зборови не можат да се делат на помали делови, т.е слогови.**

**Кои се тие зборови?**

# РОЃЕНДЕН



Томе сам си играше на улица. Сите негови другарчиња беа кај Трајче на роденден.

Ајде, Томе, да не задоцниме на роденден! - го викна Ванчо, кој штотуку излезе од дома.

Јас нема да одам. Немам пари да купам подарок - тажно рече Томе.

Слушај, јас носам два подарока. Еве, чоколадото подари го ти, а јас ќе го подарам шахот - предложи Ванчо.

Само неколку мига подоцна, меѓу гостите на роденденот, се слушаше и гласот на Томе.

***Александар Поповски***

**Да имаш вистински другар не е лесно. Зашто треба да си полн со љубов и чесност. Добриот другар во лошо се познава.**





**ЈАЗИЧНО КАТЧЕ**

**Речениците со кои се раскажува се викаат раскажни реченици. На крајот на раскажните реченици се става точка. (.)**

- За што се зборува во расказот?
- Каде се случува настанот? Кои ликови се спомнати во расказот?
- Каков другар е Ванчо?
- Како го замислуваш Томе? Опиши го!
- Писателот Поповски со помош на речениците ни раскажа една случка.
- Сам заклучи како се викаат речениците со кои раскажуваме!

# РОДЕНДЕНСКА ПОКАНА

- Кога славиш роденден?
- Кое годишно време е тоа?
- Што најмногу има во тоа време? (снег, жолто лисје, цвеќе..)
- Роден си во зима пред Нова година. Што ќе нацрташ на поканата?
- Што ќе нацрта тој што е роден на есен?
- И што ќе има нацртано на пролетните и на летните покани?
- Испеј една роденденска песна!

Нацртај како ја замислуваш поканата за твојот роденден. Користи моливче, боички. Можеш да користиш и листови, плодови, лепак, сликички.. .

# НАРОДНИ УМОТВОРБИ

## БРЗОЗБОРКА

Една
мачка гони
страчка,
ќе ја стигне,
ќе ја фати,
шарен
опаш
ќе и скрати...

## ГАТАНКА

Ни вретено има,
ни за фурка знае,
а, вредна е, преде,
ко предачка да е.

**(м _ _ _ а)**





**ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ**

**Брзозборките се составени од два или повеќе искази кои се поврзани. Брзозборките помагаат да се вежба изговорот и помнењето.**



## БРОЈАЛКА

Ен, тен, тини
саракини,
саракатика,
така - тика,
елин, белин, буф
трапа, трупа, туф.

Бумбар, бумбар, дебел црн
застанал на еден трн,
да одмори и да здивне,
да искашла и да кивне,
два-три пати кивнал
се одморил и здивнал
а потем од цвет на цвет
пак забрмчил влет.

## АЈ, ПОГОДИ ШТО Е ТОА!

Бела нива - црно семе,
со рака го сеат - со уста го берат.

## ДОПОЛНУВАЛКА

До крајот на светот со неа се стига
Пријател е верен и се вика _ _ _ _ _ .



**ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ**

**Бројалки**

**Бројалките склужат за игра.**

# НАРОДНИ УМОТВОРБИ

## ПОГОДИ ШТО Е

Житата ја знаат
и ноќните роси
ламбичето таа
со себе го носи.



**(с_ _ _ _ _ _ _ _)**

Од бел камен се роди
важен низ двор оди
пред зора да руди
сонцето го буди.

**(п_ _ _л)**



## ГАТАНКА

Мила наша миленица,
јаде сено тревица,
слатко млеко
дава и се вика.

**(к_ _ _а)**





**ЈАЗИЧНО КАТЧЕ**

**Куси изреки во кои ликовите, предметите и настаните се прикажуваат многу сликовито, но во скриена форма, се викаат гатанки. Гатанките помагаат во учењето, а служат за игра.**

**ПОГОВОРКИ:**

**Што можеш да направиш денес, не оставај го за утре.**
**Кој прави добро, со добро му се враќа.**
**Без мака, нема наука.**
**Нема леб, без мотика.**
**Гладна кокошка просо сонува.**



**ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ**

**Народна творба преку која се искажува мислење за некого и нешто се вика поговорка.**

# ПРОЛЕТНИ ПРАЗНИЦИ

## ВЕЛИГДЕНСКИ ЈАЈЦА

Бабо, кога ќе вапсуваш јајца за Велигден? - ја прашува Бојан.

Утре - му вели баба му.

Колку јајца ќе вапсаш, бабо?

Четириесет, Бојане.



Какви ќе ги вапсаш? Пак црвени како минатата година?

Да! Такви се вапсуваат!- му објасни баба му.

Хм, само црвени- промрморе Бојан. И продолжи:

Зарем не може некои од нив да се вапсаат поинаку? Сини, жолти, зелени?...

Баба му не му одговори веднаш. Знаеше дека јајцата може да се вапсуваат и поинаку. Арно ама, таа навикнала да ги вапсува само црвени. А зошто да не вапса некои јајца поинаку? Затоа го праша:

Колку јајца би сакал да вапсам црвени, а колку поинаку?

Хм, половина од јајцата вапсај ги црвени, четвртина сини, осмина жолти, а останатите зелени - рече Бојан,

Добро Бојане, нека биде така- се согласи баба му. И додаде:

Ајде да одиме да купиме од другите бои за вапсување.

**Колку јајца баба му на Бојан ќе вапса црвени, колку сини, колку жолти и колку зелени?**

## ВЕЛИГДЕНСКА ПЕСНА



Со шарени јајца в рака
и со весел дедо Симе
кај брзаат Дени, Марко?
Каде одат? Што ли има?

Насмевка на лице светна
каква тајна таа крие?
Се радува пролет цветна,
камбаните силно бијат!

Да сме среќни, да сме здрави,
даруваме желби разни-
цел свет денес нека слави:
**Велигден е**, голем празник!

***Томе Арсовски***

## СВЕДИ СЕ, ЗЕЛЕНА ВРБО



Сведи се, сведи, зелена врбо,
долу, подолу!
Мајстора има, зелена врба,
а куќа нема;
овчара има, зелена врбо,
кожува нема.
Сведи се, сведи, зелена врбо,
долу, подолу!
Невеста има, зелена врбо,
чорапи нема.

***Ѓурѓовденска- народна***







Разговарај за празниците.
Обиди се да составиш расказ или песна за еден
од нашите празници!

# ЛЕСНОКРИЛА ГОСТИНКА

Долета сама. Тивко.

Беше пријатно, свежо пролетно утро. Слета врз првиот расцутен зумбул во градината и се напи од миризливата пролетна роса.

- Здраво! Си се вратила! - ја поздрави зумбулот.

- Од каде да се вратам? Јас, бев овде преку целата есен и зима, само, како и ти, и јас се криев од студот. Ме разбуди првата воздишка на пролетта. - Му одговори пеперутката.

- Вчера видов уште една твоја сестра во градинава. Беше поголема и крилјата ѝ беа шарени.

- Ништо чудно. Нас нè има многу: бели, шарени, мали, големи - секакви!- рече пеперутката. - Но децата нè сакаат сите. Најсреќни се кога нè бркаат по ливадите. Во таа весела безгрижна игра и тие личат на пеперутки.



- Имаш многу пријатели, ти завидувам.... - пак рече зумбулот.

- Да но имам и многу непријатели. Сите птици ме бркаат да ме уништат. Но, благодарејќи им на моите лесни крилја, успевам да им побегнам.

И, како да се исплаши и од зумбулот, белата пеперутка ги рашири крилјата и одлета.

***Киро Донев***



Што опишува писателот во овој расказ?
Кој слетал врз првиот расцутен зумбул?
Што ја прашал зумбулот пеперутката?
Какви сè пеперутки има?
Кои се непријатели на пеперутките?
Дали лесните крилја им помагаат да избегаат?
Што мислиш, дали белата пеперутка се исплашила од зумбулот?

**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

Од зборовите: **пеперутка, зумбул, пролет, кокиче, бубамара** состави реченици со кои ќе ги опишеш истите!

# ПРОЛЕТ





Кога се враќаат птиците од топлите краишта?
Раскажи што друго гледаш на сликата?
Зошто ја сакаш пролетта?
Каква е природата во пролет?
Кое овошје зрее во пролет?
Раскажувај за пролет при што ќе ги употребиш зборовите
мирizлива, цветна, се оживува...)

# ШУМСКА ЛИВАДА

Блашко е ученик во второ одделение и знае колку што знае. Тој е подготвен да се скара со својот дедо, кога го брани тоа што го научил.

Не постои шумска ливада! - вели Блашко. - Ливадата си е ливада, шумата си е шума... не измислувај, дедо!

Ќе се види на дело!- се смешка дедо Владимир.- И тоа утре.

Што ќе се случи тогаш?- љубопитен е Блашко.

Ќе ги преместувам пчелините сандаци. - рече дедо.

Значи доаѓам со тебе?! - се израдува Блашко.

Одиме в недела, веќе нарачав камион.

***



Се движеа по остра угорнина. Камионот бревташе. Дедо, дедо, заталкавме! Ова е шума, а треба да стигнеме на ливада со цветови! Цветовите се храна за пчелите!

Без грижа Блашко! Му помогна возачот.- Ќе стигнеме каде што сме се упатиле!

И навистина- дрвјата сега не беа толку густи. Се изретчија. Меѓу нив ѕиркаа разлистени грмушки и наеднаш се појави чистинка пред нив!

Ги отвори своите зелени поли една кружна, убава, преубава ливада!

Стигнавме!- објасни дедо Владимир. Новиот дом на нашите крилести пријателчиња. Ќе го наполнат саќето со миризлив ливадски мед!

Ливада, скриена во срцето на шумата! - воодушевено кликна Блашко.

***

Ова место многу му се допадна на Блашко. Шумска ливада и ливадска шума- во исто време. Ете, и тоа е можно. Природата е волшебник за секакви чуда.

***Велко Неделковски***





Поврзи ја содржината на расказот со знаењето од Запознавање на околината!

Што е ливада?
А што шума?
Кој е главниот лик во расказот?
Кои други ликови се спомнати?
Што не му е јасно на Блашко?
Прочитај го описот на ливадата!
Зошто расказот го носи името Шумска ливада?



Прераскажи го расказот „Шумска ливада“.

**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ:**

**Јас сум пчелка мала**

Раскажувај за патот на пчелката - **од цвет, на цвет, до мед.**



**ЧУДНА КУЌА**

Низ шумата тивко мина
куќа мала- куќа фина.
Без адреса, и без број,
куќа лесна, чуден сој.
Во куќата кој ли спие
погодете, деца- вие?

(______)

**СМЕАТА Е ЗДРАВА**

Наставникот: - Каква боја е ова дрво?
Стефан: - Зелена!
Наставникот: - А овој цвет?
Стефан: Бел!
Наставникот:- Добро. А кошулата на Миле?
Стефан:- Замачкана!

# КРАВА БЕЗ ЛИВАДА



Еден селанец имаше убава крава. Таа даваше многу млеко.

Селанецот, му ја продаде кравата на својот сосед. По некое време соседот отиде кај првиот сопственик на кравата и му рече:

Слушај, пријателе, кравата што ми ја продаде не е добра! Не дава повеќе од два до три литри млеко.

На тоа соседот му одговорил:

Јас ти ја продадов својата крава, но не ти ја продадов и својата ливада на која пасеше кравата.

***Народна приказна***



**ПОГОВОРКА:**
**Треба да дадеш за да добиеш.**

Која е причината што кравата не давала млеко?
Која е грешката на селанецот?

**ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

Објасни ја поговорката!

# ЕКОЛОШКА БАЈКА













## ЧИСТО НЕБО

Далеку е градот...
уште подалеку се чадот
и уличната врева.
Јас сум среќен човек
заспан во млада трева.

Над мене небото е чисто,
чиста е бојата на листот.

Далеку е градот...
Уште подалеку се чадот
и небото замаглено, сиво.
Јас сум среќен човек-
во тревите е мојот живот!

***Рајко Јовчевски***











## НИ ПРЕЛА ГОРА, НИ ТКАЛА



Ни прела гора, ни ткала
са зимо болна лежала
кога ми дојде Ѓурѓовден,
сама се гора облекла;
сè во зелена долама,
сè во зелено кадифе.

***Народна песна***

**Објасни**

**Зошто горага преку зима е болна?**

**Какви промени настануваат во горага со доаѓањето на пролетта? На што се должат тие промени?**

## СЛАВЕЈ ПЕЕ ВО ГРАДИНА



Славеј пее во градина
На утрина во недела;
Девојка му говореше:
- Ој ти славеј, мило брате,
Ајде да се натпеваме!

Ако мене ти натпееш,
Ќе ти дадам градината,
Градината со цвеќе,
Ако тебе јас натпеам,
Да ми дадеш ливадата.
Мома славеј натпеала
И му зела ливадата,
Ливадата со тревата.

***Македонска народна песна***

**Задача**

**Во тетратката запиши две куси народни песни од твојот крај.**

# ДЕДОВАТА ВРЕЌА ПОЛНА СО ПРИКАЗНИ



Си живеел еден дедо. Тој бил толку мудар, што од мудроста му побелела косата на главата, а брадата му израснала до половината. Сите го сакале, а најмногу децата.

Зошто децата?

Затоа што имал шарена вреќа полна со различни приказни. И секој ден од неа вадел по една приказна и им ја раскажувал на децата. Ама, еднаш дедото ја закачил вреќата на цреша во градината и задремал. Кога се разбудил, вреќата ја немало.

Можеби дошла мечката од планината и ја украла?

Можеби ја земала лиска, мислејќи дека има петел внатре?

Или зајкото ја украл надевајќи се дека е полна со зелка?

Не.

Дедовата вреќа полна со приказни ја земал сонот. Сега тој ноќе на заспаните деца под перница им става по една приказна.

**Видое Подгорец**

Зошто децата го сакале дедото?

Кој ја земал вреќата полна со приказни?

Која приказна сонот ја оставил под твојата перница?

# НА ЧАС ПО ЛИКОВНО

Сите ученици се подготвуваа. Ги вадеа блоковите, боиците и четчињата. Славко збунето гледа на сите страни. Тој немаше ниту блок, ниту боици.

Што да прави? Да беше подолг одморот, ќе отрчаше до дома. А вака...

Неговиот другар Филип, со кого седи во иста клупа, зачудено го гледа и го праша:

— Зашто не се подготвуваш?

— Сум ги донел книгите по распоред за четврток. Не можам да се изначудам како сум можел да направам таква грешка. Првпат во животот...

— Зашто веднаш не ми кажа? — бргу го прекина Филип и извади од клупата нов блок. - Земи. Послужи се! Во стариот блок имам уште два листа. Денеска купив нов. Славко се изненади. На лицето му заигра весела насмевка.

— И боици немам..

— Знам штом немаш блок... Еве ти ги овие! Земи и четче!

Влезе учителот и им рече што ќе работат.

Славко почна да црта. Беше смирен и радосен.

***Нада Зекманова - Јакимовска***



Зошто на часот по ликовно Славко збунето гледал на сите страни?
Што го прашал Филип? Што му одговорил Славко?
Кога Славко бил радосен?

**Размисли и заклучи**

По што дознаваш каков другар е Филип?
Како ќе постапеше ти ако беше на негово место?

МЛЕКОТО Е ЧИСТО → наслов



→ илустрација

Учителката им рече на учениците од второ одделение:

- Ученици, нацртајте крава.

Учениците се наведнаа над блоковите.

Марика нацрта на самиот крај од блокот ситна крава.

Учителката дојде до Марика и ја праша:

- Зошто ти толку малечка крава си нацртала? Погледни колку многу чиста бела хартија ти останала.

- Тоа не е бела хартија, - одговори Марика. - Тоа е млеко. А млекото е бело и чисто.

Васил Сухомлински

↓ содржина

↓ автор

текст



**ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ**

**ТЕКСТОТ ГО СОЧИНУВААТ: НАСЛОВОТ, ИЛУСТРАЦИЈАТА (ИЛУСТРАЦИИТЕ), СОДРЖИНАТА И ИМЕТО И ПРЕЗИМЕТО НА АВТОРОТ.**

# ЛЕТО



Тукушто се појави Сонцето, илјада капки роса засветкаа како ситни зрна бисер.

Една птица се вивна в небо и со својата песна ја прекина утринската тишина.

Тивко нечујно ветре го лулее полето.

Под ладовина е стариот пејач - штурчо. Тој на својата виолина ќе ја засвири најчудесната песна.

Над полето летаат светулки. Звуците на штурчовата виолина се вткајуваат во ноќната тишина.

***Евгенија Шуплинова***

**На што личат капките роса при изгревот на сонцето во лето?**
**Кој ја прекинал утринската тишина?**
**Кој го лулеел полето?**
**Каде се одморал штурчо? Што имал тој покрај себе? Кој летал над полето?**

**<u>Размисли</u>**

**Колку слики откриваш во реченицата „Една птица се вивна в небо и со својата песна ја прекина утринската тишина“?**

**Што од тие слики можеш да видиш, а што можеш да чуеш?**

# РАДОСТ И СМЕА

Се фалеле еднаш Смеата и Радоста: се фалеле кој е поважен и помил.

Радоста рекла:

— Јас сум прва.

Смеата рекла:

— Јас сум прва.

Збор по збор, збор по збор, ќе се скарале, но тоа уште не го знаеле. Зарем може да се замисли радост која плаче или смеа што се лути?

А тогаш се договориле. Тргнале по светот. Оделе по ист пат, но едната од левата, а другата од десната страна. Гледале на која од нив повеќе ќе ѝ ги подаваат рацете. Таа ќе биде најважна.



А кога таму - што се случило? Кој ќе ѝ ја подадел едната рака на Радоста, другата ќе и ја подадел на смеата. И така, малку по малку, се направило големо оро, и кој еднаш ќе се најдел во тоа оро, тој лесно не ги пуштал рацете.

Фаќајте се и вие, деца, во тоа оро. Има уште многу места.

***И. Радиќ***

**За што се зборува во овој текст?**
**Кои се главни ликови?**
**Што порачува авторот во последните две реченици од овој текст?**



# СМЕШНА ПЕСНА

Еден омиД и еден омиС
отишле еден ден на разап
и купиле ањид од чичко разаЛ.

Јаделе што јаделе
па се епитаф за стомаците
се кикотеле ли, кикотеле,
низ сокаците.

Слатко се изнасмеале омиД и омиС
што отишле на разап
и купиле ањид
од чичко разаЛ.

Па добро!
Што има тука смешно?

***Васил Пујовски***

**Како се викале двата купувачи?**
**Каде отишле?**
**Што купиле?**
**Зошто се смееле низ сокаците? Што има тука смешно?**
**Погоди ти што е смешно.**



**Наша помош: Смешките се во грешките. Пронајди ги и поправи ги.**

# ЛОКОМОТИВАТА НА ПЕРО



Еден, две, три... Перо ги наредил во собата сите столови еден до друг и од нив направил локомотива. Со свирчето што го добил за роденден, свири: тру - тру!...

Сè е подготвено и локомотивата треба да тргне. Кондуктерот е гумениот црнец, и извикува:

— Молам, сите што одат на пат, да си купат билети.

Сестричка му Ана ги собира куклите, Малку да ги прошета со локомотивата на Перо.

Тика - така! Тика - така! - локомотивата јури, и ги вози сите кукли на неговата сестричка од едниот до другиот крај на собата...

Тика - така! Тика - така!

И така цел ден.

***Евгенија Шуплинова***







Раскажи една твоја игра!

# ДВЕ ПИСМА



Јуни е, дедо, задачи немам.
Мама и тате - на работа. Јас сум сам.
Да дојдам на село, еве, се спремам,
ќе ми се израдуваш знам.

Сакам да те видам, деденце мил.
Нестрпливо го чекам утрешниот воз.
Та две години не сум ти бил
и не сум трчал низ ливади бос.



Се радуваме што ќе дојдеш, сине,
баба дури и солзи срони.
Летово во радост ќе ни мине.
Кутрата стара секоја ноќ те сони.

Цреашата црвен бисер ја краси,
ливадата детелина мека.
Овде летото подоцна се гласи,
па ќе видиш каква убавина те чека.



Какви чувства се побудија кај тебе додека ги читаше писмата?
Како го планираш твојот распуст?

# МЕДИУМСКА КУЛТУРА



# МЕДИУМСКА КУЛТУРА
# РАЗГОВАРАМ ЗА ФИЛМОТ И ТЕАТАРОТ



Со родител или наставник посети детска претстава и детски филм. Погледај и на телевизија, разгледај ги илустрациите, па разговарај за разликите и сличностите!







**Кога ќе оживеат цртежите настанува цртан филм.**

**Со оживување (анимирање) на куклите настанува анимиран филм или филм со кукли.**





Од кои приказни се илустрациите?
Дали си гледал и цртани филмови за нив?
Кој ти ги прочитал книгите за овие јунаци?
Од каде дошло името цртан филм?
Уште какви филмови си гледал?
Како се вика филмот ако во него играат кукли?













**Претставите изведени во живо, со кукли во театар претставуваат куклен театар.**

Разговарај за **разликите** (актери, кукли, цртежи) и **што е исто** (сите раскажуваат приказна).

Кога си во кино или во театар со родител или со наставник, како се однесуваш?

Како разговаравте меѓусебе во киносалата и во фоајето?

Кој филм го гледаше?

Како се вика главниот лик?

За што се раскажуваше во филмот?

Кој лик ти се допадна?

Кој лик сакаш да бидеш и зошто?

Што не ти се допадна?

Како кој лик не сакаш да бидеш?

Раскажи го филмот со помош на наставникот.

Раскажи им го дома на родителите.

# СЕКОЈА ПРИНЦЕЗА ИМА СВОЈ ПРИНЦ



„Покрај прозорецот со рамка од црно абоносово дрво седеше кралицата и шиеше. Гледајќи во снегот , таа се боцна во прстот и три капки крв паднаа во снегот. Румената крв многу убаво се истакнуваше во белиот снег, па кралицата си помисли: „Ах да ми е детево што го носам, бело како снегов, румено како крвта и да има коса како рамките од прозорецов..."



„Кралскиот син ѝ го даде златното чевличе, таа седна на клупата, ја извади ногата од тешкиот дрвен чевел и ја стави во златниот: нејзе и стоеше како слеано. Кога стана кралскиот син и ѝ погледна во лицето,тој ја препозна убавата девојка што играше со него и рече:

Ова е вистинската свршеница!"



Од кои приказни се овие делови?
За кои принцези се зборува во приказните?
По што ги препозна ликовите?
Кои се принцовите на овие принцези?



Нацртај принцеза,но не го заборавај принцот.

# ТЕАТАР СО СЕНКИ

Театарот со сенки има свои волшепства. Употреби ги рачињата и прстињата, како што гледаш на сликите и на ѕидот на својата училница со помош на светлината на сонцето и на светлото од сијалицата - Направи ги истите движења како на сликата.



Кои слики ги забележуваш?
Која најмногу ти се допаѓа?
Вежбај и дома.


ДРУГАРЧЕ
17


Ѕуница
плус




Кои од овие списанија ги препознаваш?
Што најчесто читаш од списанијата?
Прераскажи нешто што си прочитал!

# СОДРЖИНА


УЧИЛИШТЕТО - НАШ ВТОР ДОМ ........ 7
УЧИЛНИЦАТА - ОГЛЕДАЛО НА УЧЕНИЦИТЕ ........ 8
СЕМЕЈСТВО ........ 9
НАЈДОБРАТА ........ 10
НАШАТА ТАТКОВИНА - РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 11
ТАТКОВИНА ........ 12
МИЛКА И МРАВКИТЕ ........ 13
ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ ........ 14
ГЛАС ........ 15
ПОВРЗИ ГИ БУКВИТЕ СО ИЛУСТРАЦИИТЕ ШТО ОДГОВАРААТ ........ 16
КНИГИТЕ ........ 18
МОЈОТ УЧИЛИШЕН ПРИБОР ........ 19
ВО БИБЛИОТЕКА ........ 20
НА СЕЛО ........ 21
ВО ГРАД ........ 22
ПОЛЖАВИТЕ ........ 23
А ........ 24
М ........ 26
И ........ 28
Т ........ 30
ВОЛШЕБНИ ЗБОРОВИ ........ 32
КАКО ПОЗДРАВУВАМ ........ 33
О ........ 34
Н ........ 36
ЕСЕН, ЕСЕН, ЗЛАТНА ЕСЕН ........ 38
С ........ 40
Е, Р ........ 42
ЛЕЈЛА И ГЛАСОТ "Р" ........ 44
РАДОСНА ПЕСНА ........ 45
Ј, У ........ 46
Л, Љ ........ 48
Ш ........ 50
Г, П ........ 52
З, В ........ 54
К, Д ........ 56
ДВАЈЦА ДРУГАРИ ........ 58
ДРУГАРИ ........ 59
Б ........ 60
ЗЕЛЕНЧУКОВА ПЕСНА ........ 62
НЕЛА И БУКВИТЕ В, П И Б ........ 63
Ч, Ќ ........ 64
Х, Ж ........ 66
Ф, Њ ........ 68
Ц, Ѓ ........ 70

S, Џ ....72
АЗБУКА ....75
НЕ Е ШЕГА ....76
ЗИМА ....77
ЗИМАТА ЦАРУВА ....78
МОИТЕ ЖЕЛБИ ЗА ДЕДО МРАЗ ....79
ЗИМСКИ ПРИКАЗНИ ....80
ЗЛАТНА КИФЛИЧКА ....81
ВО ПРОДАВНИЦА ....82
ДОЖД ....83
МАЈА КАЈ ЗАБОЛЕКАР ....84
СРЕДБА СО ДЕТЕТО ОД ВСЕЛЕНАТА ....85
ЈАЗИЧНО КАТЧЕ - ИМЕНКИ ....86
КОСМОНАУТ ....87
И БРОЈОТ Е ЗБОР КОГА СЕ КАЖУВА ИЛИ ПИШУВА СО БУКВИ ....88
ВОЛШЕБНОТО ГРНЕ ....90
ВОЛК И МАЧОР ....92
БИК И ЗАЈАК ....93
ВЕРВЕРИЧКА И СТРАЧКА ....94
ПОДЕЛБА НА ЗБОРОВИТЕ НА СЛОГОВИ ....95
РОДЕНДЕН ....96
РОДЕНДЕНСКА ПОКАНА ....97
НАРОДНИ УМОТВОРБИ ....98
ПРОЛЕТНИ ПРАЗНИЦИ ....100
ВЕЛИГДЕНСКА ПЕСНА - Т. АРСОВСКИ ....101
СВЕДИ СЕ ВРБО ЗЕЛЕНА - НАРОДНА ПЕСНА ....101
ЛЕСНОКРИЛА ГОСТИНКА - К. ДОНЕВ ....102
ПРОЛЕТ ....103
ШУМСКА ЛИВАДА ....104
КРАВА БЕЗ ЛИВАДА ....106
ЕКОЛОШКА БАЈКА ....107
НИ ПРЕЛА ГОРА, НИ ТКАЛА ....108
ДЕДОВАТА ВРЕЌА ПОЛНА СО ПРИКАЗНИ ....109
НА ЧАС ПО ЛИКОВНО ....110
ЛЕТО ....112
РАДОСТ И СМЕА ....113
СМЕШНА ПЕСНА ....114
ЛОКОМОТИВАТА НА ПЕРО ....115
ДВЕ ПИСМА ....116
МЕДИУМСКА КУЛТУРА - РАЗГОВАРАМ ЗА ФИЛМОТ И ТЕАТАРОТ ....118
СЕКОЈА ПРИНЦЕЗА ИМА СВОЈ ПРИНЦ ....120
ТЕАТАР СО СЕНКИ ....121
ДЕТСКИ СПИСАНИЈА ....122

Издавач:
**„МАКЕДОНСКА ИСКРА“ Скопје**
Бул. “Кочо Рацин“ бр. 10/4
Тел: 070 349 457 и 070 381 779
www.makedonskaiskra.com.mk

Автори:
**Добрица Петрушевска**
**Снежана Васиљевиќ**
**Билјана Кртолица**

За издавачот:
**Драган Поповски**

Главен и одговорен уредник:
**Славе Катин**

Рецензенти:
**Доц. д-р. Анита Штерјоска-Митревска**
**Благица Станковска**
**Сузана Танева**

Уредници:
**Марјан Поповски**
**Славе Катин**

Ликовно и графичко обликување
**Боби Аврамоски-Македон**

Лектура:
**Елена Тошева**

Печат:
**ОФСЕТ АЦО**

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.3.016:811.163.3.(075.2)

ПЕТРУШЕВСКА Добрица

Учебник по македонски јазик за II одделение : за задолжително деветогодишно основно образование / (автори Добрица Петрушевска, Снежана Васиљевиќ и Билјана Кртолица ) – Скопје : Македонска искра, 2008 – 129 (126) стр Илистр.во боја; 30 см

ISBN : 978-608-202-006-8
1. Кртолица, Билјана (автор) 2. Васиљевиќ, Снежана (автор)

COBISS.MK-III 73494794